Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

26 мај, 2025

**Архивски број:** 67-1215/21

**До:** Субјект (назив на институцијата)

**Предмет:** Известување за организирање на
ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА
ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК (ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10MW) ВО ОПШТИНА ШТИП, ОПШТИНА РАДОВИШ И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Почитувани,

Во врска со член 49-а од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32/2020, бр.111/2023, бр.73/2024, бр.171/2024, бр.224/2024, бр.40/2025 и бр.101/2025), Ве известуваме за одржување на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК (ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10MW) ВО ОПШТИНА ШТИП, ОПШТИНА РАДОВИШ И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење ќе биде изложен на увид и проверка на широката јавност во просториите на Министерството за транспорт, а исто така урбанистичкиот план е достапен и во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на министерството и општините Штип, Радовиш и Кочани.

**Јавната презентација ќе трае од 28.05.2025 година до 03.06.2025 година.** Соопштението за организирање на јавната презентација е објавено во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на министерството и општините Штип, Радовиш и Кочани. Во наведениот рок, заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со урбанистичкиот план можат да доставуваат забелешки и предлози на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, на е-адресата info@mtc.gov.mk или **во писмена форма за време на стручно презентирање на планското решение кое ќе се одржи на ден 29.05.2025 година (четврток) во 11 часот во просториите на Министерството за транспорт.**

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

изработил/одобрил:
Раководител на
Сектор за уредување на просторот
Весна Андриевска, диа


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk